РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА –

Предмет: Мислење

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставеno барање за мислење во кое е нагласено дека лицето член на Училишен одбор на ООУ . Но додека истото лице било член на Совет на родители на истото училиште му укажал на Директорот дека не е во ред веб страницата на училиштето да има интернет домен со com.mk, туку edu.mk., овој предлог бил прифатен. Исто така му предложило на директорот да го регистрирате интернет доменот во правно лице на кое барателот на мислењето е сопственик и управител. Исто така наведува дека многу често интервенира во наведеното училиште за работи кои се од областа на интернет домените, сервери и персонални компјутери, односно прашува дали овој случај би се третирал како корупција или судир на интереси доколку интервенциите би се фактурирале на име донација.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија известува дека постои состојба на судир на интереси доколку интернет доменот на веб страницата на ООУ е регистриран во правно лице на кое барателот е сопственик и управител, бидејќи во наведеното училиште истото лице е член на Училишен одбор.

Исто така ќе настане состојба на судир на интереси доколку интервенциите во училиштето се фактурираат на име донација, со оглед на тоа дека во истото училиште лицето член на Училишен одбор.

Имено, согласно начелото на интегритет, секое службено лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластување и должности не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

Членовите на Училишен одбор, во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имаат статус на службено лице и извршуваат јавни овластувања и должности, а во врска со член 51 став 1 од истиот закон: „Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на

неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство“.

Имено, согласно член 51 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес, ако службеното лице постапи спротивно на цитираниот став 1 на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk